Врз основа на член 61-е од Статутот на Општина Аеродром ("Службен гласник на Општина Аеродром" бр.20/12, 21/14 и 23/14), а во врска со Одлуката за формирање на Локален младински совет на Општина Аеродром, број 07-475/27 од 18.11.2014 година("Службен гласник на Општина Аеродром бр.23/14) и Одлука за давање согласност за објавување на јавен повик за избор на нови членови на Локален младински совет на Општина Аеродром, број 09-175/2 од 28.04.2015 година("Службен гласник на Општина Аеродром бр.6/2015), Градоначалникот на Општина Аеродром објавува

Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 08-3341/1
03-05-2016 год.
СКОПЈЕ

## ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА НОВИ ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

1. **Се започнува постапка за избор на 3 (три) НОВИ членови на Локалниот младински совет на Општина Аеродром.**

   Локалниот младински совет на Општина Аеродром е советодавно тело на Советот на Општина Аеродром, основан заради подобрување на положбата и решавање на проблемите на младите на подрачјето на Општина Аеродром.
   Во Локалниот младински совет на Општина Аеродром може да членуваат млади луѓе со постојано место на живеење на подрачјето на Општина Аеродром, со возраст од 15 до 24 години.

2. **Локалниот младински совет на Општина Аеродром брои 7 члена.**

   Локалниот младински совет на Општина Аеродром од своите редови избира претседател и заменик претседател.
   Членовите на Локалниот младински совет на Општина Аеродром се бираат со мандат од четири години.

3. **Право на предлагање на кандидати за членови во Локалниот младински совет имаат: Невладини организации и Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.**

4. **При предлагањето на кандидатите се поднесуваат следните обрасци кои се во прилог на овој јавен повик, и тоа :**

**Образец СМ-1** - (Предлог кандидат за член на Локален младински совет на Општина Аеродром)

**Образец СМ-2** - (Согласност за прифаќање на кандидатурата за член)

**Образец СМ-3** - (Согласност дека кандидатот за член на советот е предложен согласно актите на институцијата).

Документите мора да бидат потпишани и заверени од страна на овластено лице на институцијата која го предлага членот.

5. **Кандидатот е должен покрај наведените документи во точка 4 да приложи и:**

- Документација од која е видливо дека кандидатот ги исполнуваат условите од точка 1 од овој јавен повик (Извод од матична книга на родените не постар од 6 месеци или фотокопија од лична карта),
- Кратка биографија, и
- Фотокопија од регистрација на предлагачот (Невладини организации, Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите)

Ненавремено доставените документи и нецелосната документација нема да се разгледуваат.

6. **Рокот за поднесување на предлози за кандидат за членови на Локален младински совет на Општина Аеродром е 5 (пет) работни дена вклучително со денот на објавувањето на овој јавен повик на web страната на Општина Аеродром.**

Потребните обрасци од точка 4 кои се прилог на потребната документација можат да се подигнат во писарницата на Општина Аеродром или да се превземат во електронска форма на web страната на Општина Аеродром.

Предлозите за кандидати за членови на Локален младински совет на Општина Аеродром се доставуваат лично во писарницата на општината, во "затворено плико А4 формат", со назнака **"Предлог кандидат за избор на членови на Локален младински совет на Општина Аеродром"**, на следната адреса: Општина Аеродром- Скопје, бул. "Јане Сандански" бр.109б.

Изготвил
Раководител на одделение за работи на Советот
Јулијана Павковска-Боцевска

Контролирал – Одобрил
Раководител на Сектор за правни и општи работи
и имот и имотно-правни работи
Кире Доневски

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ,
Ивица Коневски

**Образец СМ - 1**

# П Р Е Д Л О Г

## ЗА КАНДИДАТ ЗА ЧЛЕН НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Предлагач: ______________________________________________

(назив на институцијата која го предлага членот)

го предлага ______________________________________________

(име и презиме на кандидатот за член на Локален младински совет)

______________________________________________

(адреса) _ (ден, месец и година на раѓање)

______________________________________________

(број и место на издавање на лична карта или број и место на издавање на пасош или ИМК на родените на лицето)

Во ____________________

За предлагачот:

____________________

(име, презиме и своерачен потпис на овластеното лице)

____________________

(адреса)

____________________

(број на телефон)

М.П.

**Образец СМ - 2**

# СОГЛАСНОСТ

## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА КАНДИДАТУРАТА
## ЗА ЧЛЕН НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ
## НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Јас ______________________________________________________________
(име и презиме) (адреса)

____________________________________ изјавувам дека ја прифаќам кандидатурата за член
(ден, месец и година на раѓање)
на Локален младински совет на Општина Аеродром.

Во ______________________
(место и датум)

______________________
(потпис на кандидатот за член)

______________________
(број на телефон)

Образец СМ - 3

# ИЗЈАВА
## ДЕКА КАНДИДАТОТ ЗА ЧЛЕН НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ Е ПРЕДЛОЖЕН СОГЛАСНО АКТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА

Јас ____________________________________________________________
(име и презиме) (адреса)

______________________ изјавувам дека согласно член ________ од

____________________________________________________________
(назив на актот)

сум овластен да го номинирам предложениот кандидат ____________________________. (име и презиме)

____________________________________________________________
(адреса) (ден, месец и година на раѓање)

за член во Локалниот младински совет на Општина Аеродром.

______________ ______________________
(место и датум) (потпис на овластеното лице)